СТАР-СТАР - Првиот колектив на сексуални работници на Балканот

# ДОБРОВОЛНА СЕКСУАЛНА РАБОТА

---

# VOLUNTARY SEX WORK

STAR-STAR – The first sex workers' collective in the Balkans

**СТАР-СТАР - Првиот колектив на сексуални работници на Балканот**

# Доброволна Сексуална Работа

Истражување спроведено помеѓу сексуални работници

**Скопје 2016**

Издавач: СТАР- СТАР - Првиот колектив на сексуални работници на Балканот

Ул. 11 Октомври 22

1000 Скопје

Р. Македонија

Автори: Борче Божинов, Глигор Чанов

Лектура и превод: Бојан Илковски

Дизајн: Игор Стојановски

**Реализацијата на истражувањето и публикацијата е поддржано од Фондацијата Отворено Општество.**

**Би сакале да изразиме голема благодарност до сите кои што дадоа стручна помош и поддршка за подготовка и реализација на истражувањето.**

**Содржина:**


**1.** Основа на истражувањето

**2.** Главни цели на истражувањето

**3.** Метод, време и место на истражувањето

**4.** Истражувачки тим

**5.** Анализа на резултати од истражувањето

- **5.1.** Демографски податоци
- **5.2.** Доброволна сексуална работа
- **5.3.** Легализација на сексуалната работа

**6.** Заклучоци и препораки

- **6.1.** Анекс 1
- **6.2.** Анекс 2

## 1. Основа на истражувањето

Сексуалните работници се жени, мажи и трансродови луѓе кои добиваат пари или материјални добра во замена за сексуални услуги и кои свесно се вклучуваат во активности за генерирање приходи, дури и ако тие не сметаат дека сексуалната работа е нивна професија.

**Ставот на популацијата за сексуалните работници и сексуалната работа, воопшто**

„Проститутките се земени присилно. Не верувам дека жена од ќеиф би ја работела таа работа бидејќи не е баш лесна. Мажите ги има секакви и мора на секој да удоволи. Па садисти, па со болни фетиши, сваштa. Јас лично, таквиот начин да заработувам и да се прехранам не би си го допуштила, но не сум тука за да ги осудувам тие жени или девојки кои најчесто ги лажат дека ќе дојдат до работа, а потоа ги носат на сосема трети места. Имаат надеж дека животот ќе им донесе нешто светло. Не би сакала да почувствувам како е да се биде во нивна кожа“.

„Тие што сакаат скапа кола, многу пари, изласци, чанти, облеки и не знам веќе што, за тие си се знае името. СПОНЗОРУШИ. И такви веќе среќаваме на секој чекор. Е тие, неможам да не ги гледам напреку и неможам да ги жалам. И јас сакам пари, и јас сакам многу нешта, ама не си ги заработувам така што го подавам моето тело на некој си со полн паричник и јака кола. Е, од вакви ми се гади веќе”.

Како и во голем број земји, така и во Република Македонија постои негирање на сексуалната работа како работа. Негирањето на сексуалната работа како услужна дејност е постојано присутно и помеѓу општата популација, но и во државните институции. Како примери на услужни дејности покрај сексуалната работа, би ги навеле и останатaтите услужни дејности и професии кои се насочени кон задоволување на одредени телесни потреби, односно масер, јога или аеробик инструктор. Голем дел од општата популација ги користат услугите од споменатите професии за задоволување на одредени телесни потреби. Доколку користењето услужни дејности кои задоволуваат одредени телесни потреби не се забранети, која е причината што сексуалната работа е забранета?
Како синоним кој голем дел од општата популација го користи за сексуален работник, е синонимот „професионалка”. Сексуалната работа, најчесто општата популација ја препознава како најстариот занает на светот.

Во некои култури, уметноста за да се предизвика одредено сексуално задоволство се изучувало во одредени училишта, а само оние кои успешно ги совладувале вештините и знаењата поврзани со сексуалното задоволство, можеле да се занимаваат со сексуална работа. Се додека не е криминал да се побара и даде  пари или материјални добра во останатите услужни дејности, и се додека не е криминал две полнолетни лица доброволно да можат да имаат сексуални односи, перцепцијата како „општествено зло"  е сосема погрешна.

Третирањето на сексуалноста како прекршок, придонесува до оддалечување на сексуалните работници од здравствените сервиси. Како останати причини за истражувањето се континуираната „посветеност " на владините институции кон човековите права на жртвите на трговијата со луѓе, но од друга страна игнорирање и непочитување на правата на сексуалните работници кои секојдневно се кршат од страна на полицијата, институциите и медиумите.

Референци:
http://www.who.int/hiv/topics/vct/sw_toolkit/115solution.pdf
http://forum.femina.mk/threads/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0.4927/page-7

## 2. Главни цели на истражувањето

- Да се соберат индивидуални податоци, перцепции и ставови на сексуалните работници во врска со доброволната сексуална работа и легализацијата на сексуалната работа.

- Да се подигне свеста кај општата популација за сексуалните работници, сексуалната работа воопшто, како и да се претстават позитивните и негативните страни на легализацијата на сексуалната работа.

СТАР- СТАР како здружение на граѓани кое активно ги вклучува лицата од сексуалната индустрија од самото основање, има за цел да ја промовира сексуалната работа која најчесто претставува слободен избор и нема допирни точки со прашањата поврзани со трговијата со луѓе. Од континуираното следење на реалната ситуација во Република Македонија во врска со перцепцијата на општата популација кон сексуалните работници и сексуалната работа воопшто, заклучивме дека е потребно да се направи истражување на ниво на градот Скопје каде што работат најголем дел

од сексуалните работници, за да се соберат информациите и да ги анализираме ставовите на сексуалните работници околу доброволната сексуална работа и легализацијата на истата.

## 3. Метод, време и место на истражувањето

При ова истражување се користеше методот на анкета. Како анкетари беа ангажирани теренските работници од сцената во Шуто Оризари, затворената сцена и програмскиот асистент во здравствената програма на СТАР, за делот на отворената сцена. Пред да се започне со интервјуирањето, лицата поминаа обука за спроведување на индивидуални интервјуа користејќи структуриран прашалник со следниве теми:

- Демографски податоци
- Доброволна сексуална работа
- Легализација на сексуалната работа

Секој член од тимот беше обучен да ја сочува приватноста и анонимноста на учесниците во истражувањето.

Истражувањето се спроведе во периодот помеѓу април и мај 2016 година во Скопје, на отворената сцена каде се нудат сексуални услуги, затворената сцена, како и сцената во Шуто Оризари.

При креирањето на стратегијата за истражување, се утврди дека доволен број за да се прикаже реалниот став на сексуалните работници за доброволната сексуална работа и легализацијата на сексуалната работа се 73 сексуални работници, односно една третина од вкупно исконтактираните сексуални работници од сите три сцени.

## 4. Истражувачки тим

Во спроведување на истражувањето учествуваа :

- Борче Божинов – Координатор на истражување;
- Глигор Чанов, асистент во програма за застапување на СТАР - квантитативна и квалитативна обработка на податоци;
- Љупчо Попов, асистент во програма за здравје на СТАР – интервјуер;
- Љубинка Атанасоска, теренски работник во СТАР – интервјуер;

- Имер Ерѓун, теренски работник во СТАР – интервјуер;

## 5. Анализа на резултати од истражувањето

### 5.1 Демографски податоци

На територијата на град Скопје, со истражувањето беа опфатени вкупно 73 сексуални работници. Опфатени беа женски, машки и трансродови лица од отворената сцена, затворената сцена и сцената во Шуто Оризари.

| Пол | Број | % | Род | Број | % |
|---|---|---|---|---|---|
| Женски | 29 | 40 | Женски | 14 | 19 |
| Машки | 44 | 60 | Машки | 44 | 60 |
| | 73 | 100 | Трансродно | 15 | 21 |

Што се однесува до старосната структура, најголем дел од испитаниците се со година на раѓање од 1987 до 1992 . Деталните податоци за старосната структура се дадени во Анекс 1.

Најголем процент од испитаниците се од ромска националност, односно 52 %. Потоа следуваат испитаниците од македонска националност 38%, албанска националност, а останатите националности се застапени со поединечни случаи. (Анекс 1).

Од вкупниот број испитаници, 57% се со исламска вероисповед, 40% се со православна вероисповед, а останатите религиски припадности се застапени со поеднични случаи. ( Анекс 1 )

Најголем дел од испитаниците се со завршено основно образование, односно 40%, испитаниците со завршено средно образование се застапени со 26 %, а опфатени се и лица без образование, односно 11% , како и четири лица со незавршено високо образование. ( Анекс 1).

Сите испитаници кои беа опфатени со истражувањето се со место на живеење во Скопје.

Што се однесува до работниот статус, најголем дел од испитаниците се невработени, односно 70 %, привремено вработени лица се 21 %, а останатиот дел вработени и лица кои работат непријавено. (Анекс 2)

Од вкупниот број на испитаници дури 64% се сами, во партнерство живеат 13%, а останатите се во брак односно 10 %, и разведени 13 % (Анекс 2).

Најголем дел од сексуалните работници навеле дека живеат со семејство, односно 66%, по нив следуваат лицата кои живеат сами 15% и испитаниците кои живеат со пријатели 14% (Анекс 2).

Вкупно 56% од испитаниците немаат деца, останатиот дел имаат 1 или 2 деца, односно 36%, а само 8% се испитаници кои имаат 3 и повеќе деца (Анекс 2) .

Покрај големиот процент, односно 84% кои имаат здравствено осигурување, постојат и сексуални работници кои сеуште го немаат или неможат да го регулираат истото, односно 16% ( Анекс 2).

Корисници на социјална помош се само 27% од вкупниот број на испитаници, останатиот дел, односно 73% и покрај статусот како невработени лица не го користат истото право (Анекс 2).

## 5.2 Доброволна сексуална работа

Како и општата популација, така и сексуалните работници имаат сосема идентичен секојдневен живот. Секојдневните домашни обврски и обврските околу децата, се едни од најчестите работи кои сексуалните работници ги издвојуваат во истражувањето кое што беше спроведено:

*„Па денот најшесто го користам да ги завршам моите обврски околу домот, чистење, перење, пазарување, готвење, бидејќи навечер работам”.*

*„Покрај секојдневните обврски кон куќата и детето, искачам со пријатели на кафе, кафана и после на работа”.*

*„По завршувањето на домашните обврски која секоја жена ги има, почнувам да се спремам за на работа”.*

Голем дел од сексуалните работници кога би имале можност да се претставаат себеси пред општата популација, најчесто би се претставиле себеси подеднакво исти како и работниците во сите останати професии. Истите ја истакнуваат чесноста во давањето на услуги во својата професија, но и фактот дека и покрај својата професија се и одговорни луѓе како и луѓето од општата популација:

*„Па, би им објаснила дека сум на исто рамниште со продавачка, келнерка”.*

*„Сексуалната  работа е работа како и секоја друга”.*

*„Па, би им кажала дека ниту крадам, ниту пак лажам. Едноставно дека заработувам исто како нив”.*

*„Сексуалната работа е работа како и сите други професии без разлика дали си наставник, фризер или директор”.*

*„Како и секој човек што си има своја професија и работи, така и јас живеам и заработувам од мојата работа”.*

*„Луѓе кои што нудат секс за пари. Тоа е најобича работа како и секоја друга, да копа, да пее.. Тоа не е работа каде што можеш да се вљубиш, туку едноставно секс услуга”.*

*„Жена која работи и се грижи за семејство”.*

*„Како човек кој работи за да опстане”.*

Како основна причина за започнувањето со сексуалната работа, испитаниците го истакнаа недостатокот на финансии за различни потреби, брзата заработка, но и еден дел од нив желбата за работата која што ја работат.

*„Брзо заработување пари и ја обожавам работата”.*

*„Зашто ја сакам работата и многу повеќе правам пари и не сум мачена од газди”.*

*„Па што морам, не сум со моите и така оваа работа ми дојде и почнав да ја работам бидејќи не најдов друга” .*

*„Па морам не што сакам, немам стабилна работа, а морам да ранам дете и затоа почнав со сексуалната работа” .*

*„Парите. Да не зависам за цигари, марихуана, искачање”.*

*„Гледајќи ги другите како заработуваат и посакав да пробам и јас” .*

*„Причината беше моето дете, се разбира финансиски средства”.*

*„Причината е пари. Бидејќи ми беа потребни за психоактивни супстанци и тоа беше најбрзата заработувачка” .*

*„Кога активно студирав немав доволно средства за да си го платам школувањето, да си обезбедам егзистенција и имав потреба од помош од семејството”.*

Испитаниците во истражувањето имаа пред се идентично мислење за сексуалната работа, односно дека сексуалната работа е работа како и останатите, само еден незначаен сосема мал дел од испитаниците ја согледуваат како лоша појава:

*„Исто е работа како и другите, но не е лесно да спиеш во еден ден со 5 или повеќе луѓе”.*

*„Како и секоја друга работа. Сум работела и надвор од Македонија и верувајте дека е многу подруго”.*

*„Дека е работа како и секоја друга и дека треба да се прифати како таква”.*

*„Малку е ризична”.*

*„Работа со која можеш набрзина да спечалиш пари”.*

*„Па, не е лесно со секој човек да имаш работа, сексуалната работа е нормална работа”.*

*„Па, малку е опасно и страшно но мора да ја работам”.*

*„Па, и тоа е една работа како кога одиш на копање или нешто друго. Исто и сексуалната работа е работа”.*

*„Многу лошо, ама морам да ја работам оваа работа”.*

*„Па, не е баш сјајна, секој не би ја сакал ова работа, лошо е, не е сјајно”.*

*„Од досегашното искуство милам дека сексуалната работа е исто работа како и останаттите, затоа што се нуди, се заработува и се дава услуга”.*

Од вкупниот број испитаници, на 34% сексуалната работа им е единствена егзистенција, а останатиот број од испитаниците, односно 66%, покрај сексуалната работа се занимаваат и со други дејности .

Разбирањето на сексуалната работа како работа и обврските околу истата, испитаниците ја истакнуваат со планирање каде ќе работат, начинот на

кој ќе ги нудат своите услуги, како и подготовките околу нивниот изглед и хигиена:

*„Размислувам каде би работела, пуштам огласи, договарам по телефон”.*

*„Во деновите кога работам, планирам каде ќе работам, барам кленти, внимавам на хигиената”.*

*„Одам во станот, се капам, се средувам и чекам клиенти”.*

*„Пред се, се подготвувам психички бидејќи се сретнувам со разни луѓе. Си пуштам оглас на интернет, го вклучувам мобилниот телефон и си седам подготвена за некого да задоволам ”.*

*„Седам на Facebook, интернет и почнувам да барам клиенти. Кога веќе ќе се договорам се спремам за клиентот”.*

*„Па, преку телефон можам или преку Фејсбук ќе бирам клиенти, се договарам каде да одам, се шминкам и облекувам секси облека”.*

*„Одам на фризер, се шминкам да бидам убава”.*

*„Хм, па психички и физички за да можам да издржам. Вообичаено гардероба, шминка и опрема за работа”.*

Перцепцијата на општата популација околу поврзаноста на секојдневиот изглед и работата на сексуалните работници најчесто е со високата потпетица, мини здолниште, црвениот кармин, како и носењето провокативна облека. Од вкупниот број испитаници, дури 66% одговориле дека не изгледаат во секојдневието исто, како и кога работат. Само 38% одговориле потврдно.

Испитаниците, најчесто својот изглед при работата го опишуваат:

*„Секогаш сум нашминкана, облекувам штикли и кратка сукња”.*

*„Обично како секој човек, нежна шминка, без штикли”.*

*„Во зависност од потребите, фармерки, маички, сукњички, корсети”.*

*„Па се знае, без шминка неможам, без штикли, без парфем и други работи. Танга и убав долни веш”.*

*„Во зависност од клиентот, како ќе посака така”.*

*„Ништо посебно, најобично се облекувам, понекогаш носам штикли, но тоа се ретки ситуации само кога клиентот го бара тоа“.*

*„Кога работам како машко изгледам како ќе посака клиентот, спортски или елегантно. Кога работам како CD (crossdreser) секогаш одбирам убава и провокативна гардероба“.*

*„Зависи како сум расположена. Некогаш во тренерки, папучи. Некогаш фармерки, маица, патики или кратки шорцеви“.*

На прашањето "Каде најчесто нудиш сексуални услуги ?"најголем дел од испитаниците ги наведоа хотелите, а покрај хотелите услугите ги нудат и во приватните апартмани, станови, клубови, но и отворените сцени односно работата на улица.

*„Хотели, апартмани, клубови. Порано и на улица“.*

*„Хотел, дома, зависи каде ме викаат“.*

*„Во мојот стан или во кола, зависи тој каде ќе сака“.*

*„Во хотел на повик, или само придружба“.*

*„Хотел, шума, кола, улица, јавни тоалети, парк“.*

*„Хотел, кола, паркови, објекти во изградба или на отворени места (грмушки, некој дуќан и сл. )“.*

*„Во стан, понекогаш на улица“.*

*„Станови, хотели, мотели, апартмани. Но, најчесто работам надвор од Македонија“.*

Како основна причина за започнување со сексуалната работа претходно наведовме дека се финансиите. На прашањето "Дали заработката од сексуалната работа ги задоволува Вашите потреби и за што најголем дел од истата ја трошите?" како причина ги наведоа секојдневните потреби, потребите околу децата, задоволување на потребите од дроги и психоактивни супстанци, како и инвестицијата во нивната работа:

*„Ми ги задоволува потребите. Поголемиот дел од средствата ги трошам за кирија, месечни сметки, основни потреби“.*

*„Не ги задоволува моите секојдневни потреби и потребите од психоактивни супстанци“.*

*„Да, многу нормално. Најголемиот дел од средствата ги користам за лични потреби и потреби за работата, т.е. шминка, гардероба, обувки ..”.*

*„Да. Па гардероба, марихуана, цигари, излегување”.*

*„Не баш. Сопругот да не работи незнам дали ќе ни стигне. Две деца и ние двајца сакаме да јадеме, да се облечеме, стоплиме во зима итн..”.*

*„Да. На детето и мои потреби ”.*

*„Ги задоволува. Гардероба, лични потреби, табли, марихуана, алокохол”.*

*„Не, не е доволна сумата. Парите ги трошам на коцкање”.*

На прашањето “Дали заработката ја делиш со некого ?” 22 % одговорија потврдно, и најчесто ги наведоа сопругот, партнерот, но беа застапени и случаи каде што беа наведени и макроата, а останатиот, односно поголемиот дел, одговорија негативно на истото прашање. Еден голем дел од сексуалните работници се и единствените членови кои остваруваат приходи во семејството, односно 26% од испитаниците.

## 5.3 Легализација на сексуалната работа

Потребата за промена на законската рамка која ја таргетира сексуалната работа се отсликува со прашањето: „Дали сте за легализација на сексуалната работа?“. Испитаниците во истражување беа со различни ставови. Голем дел од нив, односно 51%, потврдно одговорија на прашањето, а останатите не се согласуваат со легализацијата, односно 25%, но голем е и бројот на сексуални работници кои сеуште немаат изградено мислење за истото. Најголем дел од испитаниците односно 67%, веруваат дека со легализацијата или пак депенализацијата на сексуалната работа би им се подобрила состојбата во однос на здравствено осигурување, мирот, ненасилството и работното место, а исто така голем дел од испитаниците, односно 25 %, сметаат дека состојбата не би се променила. Само едел мал еден од испитаниците сметаат дека би се влошила состојбата.

Поставувањето на прашањето за подготвеноста за прифаќање на сексуалната работа како професија кај општата популација, доколку би била предложена како опција за вработување, при што доколку се одбие истата да се изгубат правата на невработено лице, донесе до различни ставови. Вкупно 33% од испитаниците сметаат дека е потребно

да се изготви друг закон со кој би се регулирало вработувањето на лица како сексуални работници, со цел да нема последици по прашање на губење на правата на невработените лица. Поголем дел од испитаниците односно 37%, одговорија дека не е возможно вработување на лица како сексуални работници доколку сексуалната работа е легализирана, пред се поради специфичноста на самата работа, и дека губењето на правата на невработеното лице би било неосновано. Само еден дел одговорија потврдно, односно дека треба и на лица од општата популација да им се понуди вработување како сексуален работник бидејќи тоа е работа како и сите други и така треба да се гледа на истата.

На прашањето „Во Холандија сексуалната работа придонесува 5 % од вкупниот буџет кои што го има државата од даноци. Дали мислите дека во Македонија би можело да се постигне истото?", 56 % од испитаниците сметаат дека многу би се допринело, но голем е и бројот на испитаници, односно 33%, кои сметаат дека државата на друг начин би требало да го постигне истото. Останатиот дел од испитаниците сметаат дека би допринело, но дека тоа не е потребно.

Дел од испитаниците во истражувањето, односно 40 %, сметаат дека доколку се легализира сексуалната работа, бројот на сексуално преносливи инфекции би се намалил, а голем е бројот на испитаници кои сметаат дека би немало никаква промена, односно 15%. Еден мал дел од испитаниците сметаат дека бројот на сексуално преносливи инфекции би се зголемил.

На прашањето „Од искуството во другите земји каде сексуалната работа е легална, по легализацијата на истата трговијата со луѓе се има зголемено. Што мислите што би се случило во Македонија?", вкупно 5 % од испитаниците сметаат дека состојбата би останала иста, а еден дел односно 29 % сметаат дека би се намила. Останатиот дел, односно 12%, сметаат дека трговијата со луѓе би била на исто ниво како и во другите земји каде што е легална сексуалната работа, односно би се зголемила трговијата со луѓе.

Свесноста за соработка со полицијата во борбата против трговијата со луѓе, како и поголемата свест за поддршка помеѓу заедницата, се покажа со прашањето „Дали Вие како сексуален работник/чка би и помогнале на полицијата во трговијата со луѓе доколку знаете дека некој/а сексуален работник/чка работи под присила?". Еден дел, односно 49%, одговорија потврдно, а останатиот дел, односно 51%, иако би сакале да помогнат, не би го сториле истото.

## 6. Заклучоци и препораки

Од вкупниот број на испитаници во истражувањето во трите сцени, односно отворената сцена, затворената сцена и сцената во Шуто Оризари, се дојде до заклучок дека сексуалната работа се смета како подеднаква на останатите. Финансиите за обезбедување на егзистенцијата, подобрување на квалитетот на живот, посветеноста кон децата, како и задоволувањето на различните индивидуални потреби се основна причина за започнување со сексуалната работа. Сето ова укажува на поголема и подетална промоција на сексуалната работа.

Секојдневието на сексуалните работници е подеднакво исто како и на луѓето од општата популација, за разлика од ставот на општата популација дека сексуалните работници се луѓе кои што не преземаат никакви обврски, неможат да бидат добри и посветени родители и сл.

Облеката неможе да го отслика статусот на сексуален работник. Најголемиот дел потврдија дека секојдневиот изглед не се поистоветува со изгледот при самата работа, спротивно на перцепцијата на општата популација во однос на секојдневниот изглед на сексуалните работници, како и изгледот на сексуалните работници при самата работа, односно „Девојка со високи потпетици, мини здолниште, изразена шминка" или „Момче со провокативна гардероба". Ова укажува на недоволно познавање на заедницата на сексуални работници, а за сето ова е потребно развивање на активности преку кои би се промовирале сексуалните работници.

Перцепцијата на потребата за промена на законската рамка која ја таргетира сексуалната работа кај сексуалните работници е зголемена. Кај еден дел од сексуалните работници може да се заклучи дека легализацијата на сексуалната работа е прифатлива, но еден голем дел од испитаниците сметаат дека е потребна промена на законската рамка, но не и легализација на сексуалната работа. Сето ова, сугерира на потребата од соодветна промена на законската рамка според потребите на сексуалните работници и воопшто сексуалната работа, но истовремено и подобрување на знаењата и обрвските на заедницата на сексуални работници со предвидената законска рамка која би била предложена.

Резултатите во однос на зголемената свесност за сексуалното здравје, како и подготвеноста на заедницата за соработка со полицијата во спречување на трговијата со луѓе, сугерира на континуирана соработка со здравствениот сектор, подобрување на секундарната здравствена грижа, зголемување на соработката со претставници на Министерството за внатрешни работи.

# Анекс 1

## Година на раѓање

| Година на раѓање | Број | % |
|---|---|---|
| 1957- 1962 | 1 | 1 |
| 1963- 1968 | / | / |
| 1969- 1974 | 11 | 15 |
| 1975- 1980 | 9 | 13 |
| 1981- 1986 | 13 | 18 |
| 1987- 1992 | 28 | 38 |
| 1993- 1998 | 11 | 15 |
| Вкупно | 73 | 100 |

## Етничка припадност

| | Број | % |
|---|---|---|
| Македонска | 28 | 38 |
| Албанска | 5 | 7 |
| Ромска | 38 | 52 |
| Бошњачка | 1 | 1.5 |
| Турска | 1 | 1.5 |
| Српска | / | / |
| Останато | / | / |
| Вкупно | 73 | 100 |

## Вероисповед

| | Број | % |
|---|---|---|
| Православна | 29 | 40 |
| Католичка | 2 | 3 |
| Исламска | 42 | 57 |
| Протестантска | / | / |
| Атеист | / | / |
| Незнам | / | / |
| Вкупно | 73 | 100 |

Образование

| | Број | % |
|---|---|---|
| Без образование | 8 | 11 |
| Незавршено основно образование | 9 | 12 |
| Завршено основно образование | 29 | 40 |
| Незавршено средно образование | 6 | 8 |
| Завршено средно образование | 19 | 26 |
| Студент | / | / |
| Незавршено високо образование | 4 | 3 |
| Завршено високо образование | / | / |
| Вкупно | 73 | 100 |

# Анекс 2

Работен статус

| | Број | % |
|---|---|---|
| Вработен | 3 | 4 |
| Невработен | 51 | 70 |
| Привремено вработен | 15 | 21 |
| Работи непријавено | 4 | 5 |
| Вкупно | 73 | 100 |

Брачен статус

| | Број | % |
|---|---|---|
| Сам/а | 47 | 64 |
| Во брак | 7 | 10 |
| Партнерство | 9 | 13 |
| Разведен/а | 9 | 13 |
| Останато | 1 | 2 |
| Вкупно | 73 | 100 |

Со кого живее?

| | Број | % |
|---|---|---|
| Сам/а | 11 | 15 |
| Пријател/и | 10 | 14 |
| Со роднини | 3 | 4 |
| Семејство | 49 | 67 |
| Останато | / | / |
| Вкупно | 73 | 100 |

Поддржано од:

Во издание на :

**STAR-STAR – The first sex workers' collective in the Balkans**

# Voluntary
# Sex
# Work

Research carried out amongst sex workers

**Skopje 2016**

Publisher: STAR-STAR – the first sex workers' collective in the Balkans

11th October Street No. 22

1000 Skopje

Republic of Macedonia

Author: Borche Bozhinov, Gligor Chanov

Proof-reading and translation: Bojan Ilkovski

Design: Igor Stojanovski

**The realization of the research and the publication is supported by the Open Society Foundation.**

**We would like to express our gratitude to all of those who have given their expertise and support in the preparation and realization of the research.**

# Contents:

1. Research grounds
2. Key objectives of the research
3. Research method, time and location
4. Research team
5. Research data analysis
    5.1 Demographic data
    5.2 Voluntary sex work
    5.3 Legalization of sex work
6. Conclusion and recommendations
    6.1 Appendix 1
    6.2 Appendix 2

## 1. Research grounds

Sex workers are women, men and transgender persons who receive money or goods in exchange for sexual services, consciously engaging themselves in activities that generate income, even though they may not consider sex work as their profession.

**General population's attitudes towards sex workers and sex work in general**

